# ДЕЦАТА И ОГАНОТ

Fact Sheet 15 – Community Risk Management. Revised 28/09/2004 - Macedonian

- **NSW FIRE BRIGADES**
- **ACT FIRE BRIGADE**
- **NSW RURAL FIRE SERVICE**
- **ACT RURAL FIRE SERVICE**

## Дали вашето дете е ФАСЦИНИРАНО со оган?

**Многу деца, а особено машките, може да развијат интерес кон огнот или пак да играат со запалки или кибрити во некој период од детството.**
**Според здравствените стручњаци интересот кон огнот е нормален, меѓутоа потребно е внимание децата да не запалат нешто или да не се повредат.**

## Има повеќе причини зошто децата палат оган, некои од нив се:

- ☐ **Љубопитноста и фасцинираноста се прифатени како дел од учењето**
- ☐ **Некои деца палат оган како начин да привлечат внимание**
- ☐ **Притисокот од другите деца може да биде причина за палење оган**
- ☐ **За жал, некои деца палат оган ако се повредени или сакаат да се одмаздат**
- ☐ **За некои деца палењето оган е дел од хулиганското однесување**
- ☐ **Здравствените стручњаци сметаат дека само мал процент од децата имаат нездрава опседнатост со оган што бара лекување**

***Децата често пати не се свесни дека малото пламенче може многу брзо да прерасне во опасен оган.***

### Како вие може да спречите вашето дете да развие опседнатост од оган?

- ☐ **Инсталирајте детектори за чад и проверувајте ги со семејството и менувајте ги батериите еднаш годишно**
- ☐ **Вклучете ги децата во составувањето на план за евакуација на домот и увежбувајте го истиот заедно**
- ☐ **Чувајте ги кибритите и запалките подалеку од децата. Децата ако треба и ќе се искачат за да ги достигнат**
- ☐ **Учете ги децата дека огнот не е ИГРАЧКА, туку е КОРИСЕН за готвење или греење кога се користи претпазливо и одговорно од страна на возрасните**
- ☐ **Не барајте од децата да ви донесат кибрит или запалка. Децата учат од пример и често пати ги имитираат постарите**
- ☐ **Поттикнувајте ги малите деца да ви донесат кибрит или запалка кои ќе ги најдат и пофалете ги за тоа**
- ☐ **Не ги игнорирајте знаците на игра со оган, како изгоретини на облеката или пак кибрит или запалка во џебовите**
- ☐ **Внимавајте децата постојано да бидат надгледувани**

**АКО СТЕ ЗАГРИЖЕНИ ШТО ВАШЕТО ДЕТЕ Е ОПСЕДНАТО СО ОГАН,**
**ВО NSW ЈАВЕТЕ СЕ НА 1800 600 700, ВО ACT ЈАВЕТЕ СЕ НА 6207 9032**

**ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЈАВЕТЕ СЕ НА ЛОКАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА СТАНИЦА**
**или појдете на: www.fire.nsw.gov.au www.rfs.nsw.gov.au or www.esa.act.gov.au**

## СОВЕТИ ПРИ ОПСЕДНАТОСТ СО ОГАН

- **Учете ги постарите деца како треба да ги користат кибритот и огнот безбедно, потенцирајте дека оган можат да палат само во присуство на возрасни**
- **Проверувајте помалите деца да не играат со оган во спалната соба**
- **Кога спиете нема да го почувствувате чадот, истиот ќе ве заспие уште повеќе**

**ВО ИТНИ СЛУЧАИ ЈАВЕТЕ СЕ НА 000**